**Образложение кон постигнатите резултати на Макстил А.Д. Скопје за периодот јануари – септември 2022 година**

Изминатиот период од годинава а особено третиот квартал нашата компанија беше соочена со бројни предизвици како резултат на значително влошеното глобално економско опкружување. Геополитичката нестабилност и конфликтите се примарниот извор на неизвесност покрај инфлацијата, нарушената стабилност на цените на енергијата како и нарушувањата на синџирите на снабдување. Сите овие фактори извршија влијание врз побарувачката на нашите производи која е директно условена од текот на инвестициските проекти на нашите деловни партнери од Западна Европа и Турција.

Со добра организација на деловните активности како и ползување на залихите од претходниот период Макстил успеа навремено да одговори на барањата на купувачите и правилно да ја ползува својата пазарна позиција. Очекувањата за последниот квартал од годинава не се оптимистички во поглед на нарачките, и во поглед на дополнителните притисоци за зголемување на цените на енергенсите и влезните материјали, предизвикани од инфлаторните притисоци, кои во изминатиот период беа дури повисоки и од инфлацијата во 1980-тите. Кризата во снабдувањето со гас во Европа и влошувањето на руско-украинската војна дополнително ни ги отежнуваат условите за работење и наметнуваат потреба од постојано прилагодување на плановите за работење. Во вакви услови и нашата компанија исто како и целата светска економија ја плаќа високата цена на воениот конфликт.

Макстил АД – Скопје за периодот јануари – септември 2022 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните поединечни финансиски извештаи.

Оствареното производство на дебели лимови во трите квартали на 2022 во производниот погон Валавница изнесува 225.597т. што споредено со 201.780т. во истиот период на 2021 претставува зголемување од 11,8%, додека во однос на поставениот производен план за првите девет месеци од годинава (205.809т.) претставува зголемување од 9,6%. Оствареното производство на сопствен челичен полуфабрикат, челичански слабови во извештајниот период е 187.921т. што споредено со 219.067т во 2021 претставува намалување од 14,2%, додека во однос на планираното производство за првите три квартали во годината (217.400т.) претставува намалување од 13,6%. Намалувањето на производството на челичанските слабови е поради неработењето на погонот во август заради високите цени на електричната енергија и гасот во овој период.

Табела бр.1 Производство на слабови и лимови

| производство во тони | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| производство на слабови | 187.921 | 219.067 |
| производство на лимови | 225.597 | 201.780 |

Реализацијата на топловаланите дебели лимови во количински показатели за периодот заклучно со септември годинава изнесува 222.294т., што споредено со 203.072т. истиот период од минатата година претставува зголемување од 9,5%.

Табела бр.2 Реализација на лимови

| реализација на лимови во тони | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| договор за преработка | 148.483 | 143.323 |
| директна продажба | 73.811 | 59.749 |
| **Вкупна реализација** | 222.294 | 203.072 |

Во извештајниот период се остварени приходи од работење во износ од 8,27 милијарди денари, од кои приходите од продажби како носечка ставка во структурата на вкупните приходи учествуваат со дури 99,5%. Споредено со истиот период од 2021 остварените приходи од работењето (4,64 милијарди) се приближно двојно повисоки. Покрај разликата во испорачаните количини и поповолните ценовни односи, во извештајниот период е евидентна и разлика и во структурата на испораките во полза на поголемо учество на сопствените продажби за сметка на испораките по основ на договори за преработка.

Табела бр.3 Остварени приходи од продажба

(во 000 Ден.)

| остварени приходи од директна продажба и приходи од преработка | 2022 | 2021 |
|---|---|---|
| приходи од директна продажба | 5.179.340 | 2.776.467 |
| приходи од преработка | 2.998.857 | 1.747.441 |
| **Вкупни приходи** | 8.178.197 | 4.523.908 |

Во првите девет месеци од работењето остварените расходи изнесуваа 7,13 милијарди денари. Споредено со истиот период во 2021 година остварените расходи од работењето (3,75 милијарди денари) се речиси двојно зголемени, што воглавно се должи на зголемениот обем на производство на готовиот производ во текот на овој период, како и зголемување на трошоците на влезните материјали и енергенси, а особено на природниот гас, каде што има зголемување од околу 500% во однос на истиот период во 2021 година, како и цената на електричната енергија каде е регистрирано зголемување од приближно 400%. Овие зголемувања на цените на енергенсите предизвикаа зголемување на цените на сите други влезни материјали, како што се другите технички гасови, техничките води и феролегурите.

Добивката пред оданочување во извештајниот период е 802 милиони денари и е повисока од остварената во истиот период во 2021, додека нето добивката изнесува 720 милиони денари и повисока од остварената за истиот период во минатата година.

Во овој период компанијата нема извршена исплата на дивиденди по акција заради пренесени загуби од претходниот период.

Сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Макстил АД, во овој период од 2022 година не се променети.

И во текот на деветмесечниот период од 2022 година реализирани се сите предвидени инвестициски активности за модернизација и унапредување на процесните линии согласно најновите достапни техничко-технолошки достигнувања, како и за подобрување на безбедноста при работа во износ од 150,8 милиони денари.

Имајќи ја во предвид геополитичка ситуација и престојните предизвици врзани со глобалната енергетска криза и високата инфлација компанијата во континуитет работи на подобрување на условите за работа и зголемување на безбедноста на вработените. Во текот на овој период компанијата антиципирајќи ја тековната состојба на пазарот на труд покрај обезбедување на приватно здравствено осигурување, исплатата на регресот за годишен одмор и зголемувањето на платите, вложува и дополнителни средства во привлекување и задржување на човечкиот капитал.

Во текот на трите квартали од годината компанијата продолжи со поддршка на проекти од областа на јавното здравство, образованието и спортот. Компанијата ги следи и најновите трендови во доменот на животната средина, при што отпочнувањето на процесот на декарбонизација е еден од нашите најголеми приоритети.

Скопје, 28.10.2022 година